ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО 3116
GJYKATA THEMELORE KRUSHEVË
Примено: / Pranuar: 11-09-2024
Орг. единица / Njësia.Org | Број: / Numër: | Прилог: / Shtojcë | Вредност: / Vlera:
СПИ-13/24

**Почитувани,**

**Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF) спроведува регионална студија во која ја анализира законската рамка за спречување на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето, како и досегашните процесуирани случаи и начините на постапување на релевантните државни институции.**

**Во таа насока би Ве замолиле за информација по наведените точки во продолжение на ова барање.**

**Ви благодариме.**

**<u>Прашања за судови (кривични предмети)</u>**

Информации за случаи на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето регистрирани во периодот од 01.01.2022 до 09.09.2024 година во судската статистика

- Број на пресудени случаи поврзани со дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицетоза периодот од 01.01.2022 до 09.09.2024 година;
- Пол и возраст на жртвите;
- Пол и возраст на сторителите;
- Средства преку кои се проширени интимните фотографии и видеа и бројот на случаи за секој од средствата: социјални медиуми, апликации за приватни пораки, интернет страници за порнографија, други средства;
- Број на случаи каде немало претходна врска/познавање меѓу сторителот и жртвата;
- Број на случаи каде имало претходна врска/познавање меѓу сторителот и жртвата;
- Во однос на врската меѓу жртвата и сторителот, Ве молиме за информација за типот на врска (посочете го бројот на случаи поединечно за секој тип врска): поранешна интимна врска, моментална интимна врска, поранешна брачна заедница, моментална брачна заедница, историја на состаноци (излегување), живеење во исто соседство, други врски;
- Познати мотиви за пријавените случаи;
- Законска основа за донесување пресуда во случаите (посочете го членов од КЗ на РСМ и бројот на случаи за секој член): Дистрибуција на интимни

Кривични предмети за вакви случаеви нема 16.09.24

фотографии и видеа без согласност; Нарушување на приватноста на кореспонденцијата и на компјутерските бази на податоци, Недозволено фотографирање и снимање, Вознемирување, Демнење, Дистрибуција на порнографија, Семејно насилство, Уцена, Полово вознемирување, Принуда, Екторција, Секторција, итн.

- Вид на изречена санкција од судот за секој случај;
- Отежнувачкиили олеснителни околности за сторителите (на пример, сторителот бил бил вклучен во повеќе случаи);
- Вид на компензација пресудена во секој случај.
- Број на отфрлени случаи за дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност за периодот 01.01.2022 до 09.09.2024 година;
- Причини за отфрлање на случаи за дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност.

**Прашања за судови (граѓански предмети)**

Информации за случаи на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето регистрирани во периодот 01.01.2022 до 09.09.2024 во судската статистика;

- Број на пресудени случаи поврзани со компензација на штета како резултат на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност за периодот 01.01.2022 до 09.09.2024 година;
- Законска основа во пресудените случаи (посочете го членот од КЗ на РСМ и бројот на случаи за секој член);
- Вид на побарувана штета, вклучувајќи материјална или нематеријална штета (физичко здравје, психичко здравје, углед, финансиска штета, итн.);
- Вид на штета утврдена од страна на судот во секој случај поединечно, вклучувајќи материјална и нематеријална штета (физичко здравје, психичко здравје, углед, финансиска штета, итн.);
- Вид на компензација пресудена во секој случај.
- Број на отфрлени случаи за дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност за периодот 01.01.2022 до 09.09.2024 година;
- Причини за отфрлање на случаи за дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност.

ОСНОВЕН СУД
Крушево
СПИ-13/24

До

Женевскиот центар за управување
со безбедносниот сектор (DCAF)

З А П И С Н И К
од 26.09.2024 год.

Врз основа на чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во врска со Вашето барање од 12.09.2024 год, имателот на бараната информација од јавен карактер Основен суд –Крушево ја дава следната информација од јавен карактер:
-Во овој суд нема ниту поднесени обвиненија, ниту заведени предмети за случаи поврзани со дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето во периодот од 01.01.2022 год. до 09.09.2024 год.

Со почит,

26.09.2024 год.

Имател на информација,
ОСНОВЕН СУД -КРУШЕВО
Службено лице,
Костандина Тасеска
___________________________________